Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 300//0306
15.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 19.06.2025 година, врз основа на примена жалба од градоначалничката на Град Скопје **Данела Арсовска,** ја донесе следнава одлука:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Данела Арсовска на терен на изградба на дивоградба во Чаир: Се расправа со работници и газди (во живо)“**, објавен од онлајн медиумот Независен.мк (nezavisen.mk) на 21.05.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителката до СЕММ на 26.05.2025 г., упати жалба за текстот „Данела Арсовска на терен на изградба на дивоградба во Чаир: Се расправа со работници и газди (во живо)“, објавен од онлајн медиумот Независен.мк (nezavisen.mk) на 21.05.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, на мешање на факти и мислења, вест со коментар, нарушување на приватноста и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека била испратена и реакција до медиумот, која до моментот на испраќање на жалбата не била објавена.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој, меѓу другото, се наведува: „Целосно ги отфрламе наводите изнесени во тужбата, а и понатаму ќе ја информираме јавноста за „ловот“ на дивоградби на градоначалничката“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Данела Арсовска на терен на изградба на дивоградба во Чаир: Се расправа со работници и газди (во живо)“, објавен од онлајн медиумот Независен.мк (nezavisen.mk) на 21.05.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за дневно-информативен текст за активностите на градоначалничката на Скопје Данела Арсовска која преку инспекции „во живо“ (зашто се емитувани истовремено и на интернет), од делови од

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Скопје, поточно во општина Чаир, се обидува да ја алармира јавноста и надлежните за проблемот со дивоградби во споменатата општина. Што значи, информацијата е од јавен интерес.

Комисијата констатираше дека во основата на жалбата стои тврдењето дека медиумот неточно информирал оти Градоначалничката била на „градилиште“, додека, според жалителот, станувало збор за интервенција против бесправна градба. Сепак, самиот наслов и текстот на новинарската објава јасно упатуваат на визуелно и јавно достапен настан, кој бил покриен во живо, односно со директен увид на јавноста. Во таа смисла, формулацијата „градилиште“ во контекст на теренска расправа со работници и сопственици на објектот, претставува новинарска стилска формулација, а не фактичка грешка со намера за дезинформирање.

Жалителката се повикува и на тоа дека медиумот не ја објавил нејзината реакција. Иако таквата постапка не е професионална, треба да се истакне дека во ваков тип на настани, кои се одвиваат јавно и во реално време, медиумот има легитимно право да информира за текот и атмосферата на настанот, без обврска да објави посебен демант, особено ако реакцијата е доставена по објавата и која не упатува на сериозни пропусти на медиумот.

Кодексот на новинари во членот 1 потенцира обврска за објективност и вистинитост, но не наметнува новинарите да ги пренесуваат настаните онака како што институциите сакаат тие да бидат претставени. Наместо тоа, новинарите имаат право на избор на перспектива, особено кога постои визуелна поткрепа за тоа што го објавуваат.

Поради тоа Комисијата на крајот од расправата заклучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

С. Трпевска

Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595